МЛАД БОРЕЦ, 12.8.1965, 31.5.



*Пабло Пикасо: Девојка*

**Музејот на современата уметност во Скопје**

# ЕДИНСТВЕНА ИНСТИТУЦИЈА ВО НАШАТА ЗЕМЈА

ВО РАМКИТЕ на овогодишната „Средба на солидарноста" за прв пат беа организирани и поголем број ликовни манифестации. Покрај ликовната изложба под наслов „Скопската катастрофа одразена во ликовното творештво" и Современото македонско сликарство, во време на траењето на средбата беше отворена и изложба на сите ликовни творби што ги поклонија уметници од целиот свет на Музејот на современата уметност во Скопје.

Особено внимание не само кај љубителите на ликовната уметност туку и кај останатото граѓанство побуди оваа изложба бидејќи таа за Скопје претставува дел од онаа солидарност веднаш по првите часови на катастрофата. Имено оваа изложба е плод на акцијата што ја покрена Меѓународното здружение на пластичните уметности кога собрани во октомври во Њујорк на својот конгрес упатија повик до сите уметници во светот да се здружат во желбата во разурнатото Скопје да се формира колекција на слики и Музеј на современата уметност. Ваквата институција не само на Скопје туку и на другите места би претставувала трајно сведоштво за хуманизмот за таа најголема човечка особина што не познава никакви граници од една страна и ќе служи како една од институциите што ќе го обновуваат културниот живот од друга страна.

Изложбата односно музејот на современата уметност како институција ќе стане инструмент за изградување на ликовната култура која ќе би де свртена кон стремежи те секогаш да прикаже, да ги следи и да ги проучува сите процеси во ликовната уметност кај нас и во светот.

Посматрајќи ги многубројните дела што беа изложени на изложбата се добива впечаток дека бројот на делата и авторите оваа единствена вак[в]а институција од ваков вид во Европа. Тоа најдобро може да се види во разновросноста на творбите и многубројните имиња кои во современата ликовна уметност во светот се наоѓаат на врвот од ранглистата. Попусто би било да правиме некаков критички осврт кога се знае дека покрај другите музејот поседува и слики од Пабло Пикасо, Ходака Јошида, Роза Леонардо, Розати Кончето, Ѕигаина Ѓузепе, Леви Карло, Милиќ Станковиќ, Петар Лубарда, Петар Хаџи Бошков, Банко Либерски, Тадеуш Јосковски и уште многу други познати ликовни творци од Англија, Америка, Белгија, Германија, Грција, Јапонија, Полска, Финска, Франција, Холандија, Чехословачка, Швајцарија и Југославија.

И покрај големиот број што досега се собрани во музејот колекцијата на оваа наша институција и натаму ќе се збогатува и во иднина се очекува творите на музејот да се збогатат со уште поголем број на слики со што тој ќе прерасне во установа која во извесна смисла ќе биде мост меѓу уметностите на луѓето од целиот свет.

**М. АР[illegible]ВСКИ**